Република Северна Македонија

СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

# П Р О Ц Е Д У Р А

## за избор и доделување на

## **Национална награда за**

## **компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР**

Годишната **Награда за компанија со најдобро имплементиран систем за БЗР** се доделува во функција на промовирање и подигнување на јавната свест за значењето на безбедноста и здравјето во работната средина и придобивките од воспоставувањето на превентивна култура во компаниите. Учеството во постапката за доделување на Наградата е можност работодавачите (компаниите) да ја демонстрираат посветеноста на заштитата и зачувувањето на безбедноста и здравјето на своите вработени. Наградата претставува признание за компаниите кои постигнале добри резултати и се истакнуваат во однос на имплементацијата на сеопфатни политики, системи и мерки за БЗР, во согласност со законските одредби и позитивната пракса во областа.

Наградата ја доделува Советот за безбедност и здравје при работа, со поддршка на Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија.

- Наградата се доделува во рамки на одбележувањето на „Светскиот ден за БЗР, 28-ми април“ или на „Европската недела за БЗР“. Советот за БЗР секоја година доделува три награди;
- Повикот за аплицирање се објавува на web-страната на МТСП, со наведување на условите, контакт лице(а) за доставување на апликациите, пријава (формулар), краен рок за аплицирање и потребните документи. Сите членови на Советот се поттикнуваат да ги дисеминираат информациите за Повикот, преку институциите/организациите/здруженијата кои ги претставуваат, користејќи достапни начини, средства и методи на комуникација;
- На конкурсот можат да се пријават компании во три категории: мали, средни и големи компании;
- Некомплетните апликации или апликациите поднесени по завршување на рокот нема да се разгледуваат;
- По завршување на конкурсот, на барање на Советот, претставниците на стручните здруженија од областа, номинираат членови на комисиите за оценка на компаниите кои се пријавиле на конкурсот (стручни лица за безбедност при работа и лекари - специјалисти по медицина на трудот);

- Номинираните лица за членови на комисиите не треба да бидат во било каква релација со компаниите-апликанти за Наградата;
- Членовите номинирани за учество во комисиите избираат координатор за реализација на оценувањето; Координаторот подготвува термин план за оцена и контактира со лицата назначени за контакт од страна на компаниите-апликанти;
- Оценувањето на секоја од пријавените компании се врши од страна на тричлена комисија составена од две стручни лица за безбедност при работа и еден лекар специјалист по медицина на трудот. Бројот на комисии за оценување кои ќе се формираат зависи од бројот на пристигнати апликации и географската распространетост на компаниите;
- Оценувањето се реализира со користење на електронски експертски систем за рангирање на имплементирани системи за БЗР, при посета на компаниите и увид на лице место;
- Доколку компанијата, со апликацијата достави и информации за конкретен позитивен пример на добра пракса во областа на БЗР (програма, мерки, активности и сл.) реализиран во изминатиот период во рамки на компанијата, истиот дополнително се оценува и се бодува.
- Секој член на комисијата врши сопствено оценување, со пополнување на однапред подготвените Листи за оценување;
- Членовите на комисиите оценувањето го извршуваат стручно, професионално и непристрасно;
- Пополнетите Листи за оценување, членовите ги доставуваат до координаторот на комисиите;
- Ранг листата по извршеното бодување ја прави координаторот со двајца избрани членови од комисиите;
- Компанијата се квалификува за доделување на наградата доколку освои најмалку 60% од вкупниот број на бодови.
- Доколку во одредена категорија има пријавено (и/или квалификувано) помалку од две компании, во тој случај се врши соединување на компаниите од две соседни категории (или од сите три) во една и на тој начин се врши рангирањето;
- Сите компании-апликанти се информираат за конечната ранг листа, а наградените компании се информираат за местото, денот и времето на доделување на наградите и признанијата;
- Информација за наградените компании се објавува на web-страната на МТСП.

Скопје, март 2022 година

**Претседател на Советот за БЗР**
*Проф. Д-р Јасмина Чалоска*